# Неопходни Chrome

# екстензии за безбедност

MKSN
MKSafeNet

# StayFocusd - Block Distracting Websites & Web Analytics

https://chromewebstore.google.com/detail/stayfocusd-blockdistract/laankejkbhbdhmipfmgcngdelahlfoji

Оваа екстензија овозможува да се ограничи времето поминато на одредени страници.

Откако ќе се достигне лимитот, страницата е блокирана до крајот на денот. Може да се блокираат **цели страници**, само **одредени содржини** или само **слики** и **видеа**. Има и опција **"Nuclear Option"** која блокира сè овен дозволените страници за одреден период.

# Screentime

https://chromewebstore.google.com/detail/screentime/ofmanejijbcohgebmdfacglmhemiifca?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar

Моќна екстензија за контрола на времето пред екран и блокирање страници.

Можеш да поставиш дневни **лимити** за користење на Chrome, да **блокираш** одредени страници (или да дозволиш само одредени) и да ги заштитиш поставките со лозинка.

# uBlock Origin Lite

https://chromewebstore.google.com/detail/ublock-origin-lite/ddkjiahejlhfcafbddmgiahcphecmpfh?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar

Моќен **блокатор на реклами и тракери**. Со блокирањето на рекламите, се намалува ризикот децата да наидат на несоодветни содржини или фишинг обиди.

Иако не станува збор за директна родителска контрола, екстензијата е одлична за општа безбедност и брзина на вчитување на страниците.

# Blocksi AI Web Filter

https://chromewebstore.google.com/detail/blocksi-ai-web-filter/celjchjgliegnlalhjegfcaacphgdkij?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar

Оваа екстензија користи вештачка интелигенција за да **филтрира** и **блокира** несоодветни содржини како порнографија или насилство, не само преку URL-адреси, туку и преку слики и видеа.

**Blocksi** нуди филтрирање на над 85 категории на содржини и напредни опции за YouTube, како и алатки за детекција на сајбер малтретирање.

# Web Site blocker

https://chromewebstore.google.com/detail/web-site-blocker/aoabjfoanlljmgnohepbkimcekolejjn?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar

Како што кажува и името, главната цел на оваа екстензија е да **блокира веб-страници**.

Едноставна е за употреба, а поставките може да се заштитат со лозинка, со што се спречува детето да ги промени или да ја избрише екстензијата.

## Платени екстензии и софтвери за целосна заштита

**Safe Browser Parental Controls:**

**https://chromewebstore.google.com/detail/safe-browser-parental-con/apenkcejfcelomfjdnmcokpihikjonmh?hl=en-US&utm_source=ext_sidebar**

Оваа екстензија ги **блокира** содржините по категории (возрасни, гејминг, социјални мрежи) и ти овозможува да поставиш бели и црни листи. Можеш да поставиш временски ограничувања и да добиваш извештаи за историјата на прелистување.

## Платени екстензии и софтвери за целосна заштита

# Net Nanny

# https://www.netnanny.com/

Софтвер кој користи вештачка интелигенција за **филтрирање** на веб-содржини во реално време, како и за **следење на локацијата** на уредот. Овозможува поставување на дневни временски лимити и добивање детални извештаи.

## Платени екстензии и софтвери за целосна заштита

### Norton Family (https://family.norton.com/)

Софтверски пакет од Norton, компанија со долга историја во сајбер безбедност. Автоматски **блокира** несоодветни сајтови, **следи** пребарувања и гледани видеа на YouTube, и можеш од далечина да го заклучиш уредот на детето. Работи на Windows, macOS, iOS и Android.

## Платени екстензии и софтвери за целосна заштита

**Qustodio (https://www.qustodio.com/)**

Познат по едноставниот интерфејс и богатиот сет на функции. Qustodio е софтвер кој работи на сите уреди.

Има моќно **филтрирање, ограничување на времето** пред екран, **следење** на апликации и игри, па дури и GPS следење.

## Платени екстензии и софтвери за целосна заштита

**Bark (https://www.bark.us/)**

За разлика од другите софтвери кои се фокусираат на блокирање, **Bark** е алатка за следење и предупредување.

Ги скенира комуникациите на детето на над 30 платформи (пораки, е-пошта, социјални медиуми) за потенцијални опасности и те предупредува само кога ќе детектира проблем. Ова е особено корисно за постари деца и тинејџери, каде што приватноста е поважна.